РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE

УП1 Број: / Numer: 03-221
19.08.2026 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20, 77/21, 154/23, 55/24, 193/24 и 247/25), а во врска со член 26 став 3 од цитираниот Закон, член 10 од Правилникот за пристапност до медиумските услуги бр.01-2750/1 од 13.6.2024 година, точка 4 и точка 14 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) арх.бр.01-4241/1 од 1.10.2025 година, Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-2776/1 од 14.7.2026 година и Заклучокот арх.бр.02-3075/2 од 18.8.2026 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 28 седница одржана на 18.8.2026 година, го донесе следното

## Решение
## за преземање мерка - јавна опомена

1. ЈАВНО СЕ ОПОМЕНУВА Јавното радиодифузно претпријатие (ЈРП) МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска телевизија – Прв програмски сервис (МРТ1), заради извршена повреда на член 26 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ), на начин што радиодифузерот до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата) во законски утврдениот рок до 31 март 2026 година не достави годишен извештај за спроведување на годишниот акциски план за пристапност за 2025 година.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-2776/1 од 14.7.2026 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на Јавното радиодифузно претпријатие (ЈРП) МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска телевизија – Прв програмски сервис (МРТ1), веднаш по приемот на ова Решение да го усогласи своето работење со одредбите од ЗАВМУ и Правилникот за пристапност до медиумските услуги.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 од ова Решение, постапил по Решението.

4. Ова Решение е конечно, а како ден на негово донесување се смета денот на неговата заверка во Архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

## Образложение

Агенцијата врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ) е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од овој закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од ЗАВМУ, Советот на Агенцијата против издавач на медиум презема мерка - јавна опомена согласно со овој Закон, во случаите кога е извршена повреда или прекршување на одредбите од ЗАВМУ и подзаконските акти донесени врз основа на истиот Закон, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и други акти на Агенцијата.

Согласно член 26 став 3 од ЗАВМУ, давателите на медиумски услуги поднесуваат годишен извештај до Агенцијата за исполнувањето на акцискиот план од ставот (2) на овој член, најдоцна до 31 март во тековната година, за претходната календарска година.

Согласно член 10 од Правилникот за пристапност до медиумските услуги, обврска за доставување годишен извештај имаат телевизиите на национално ниво и давателите на медиумски услуги видео по

барање, додека другите даватели на медиумски услуги доставуваат информација дали претходната година емитувале пристапни програми.

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата преку Секторот за програмски работи, на 14.7.2026 г., изврши редовен програмски надзор врз програмскиот сервис на Јавното радиодифузно претпријатие (ЈРП) МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска телевизија – Прв програмски сервис (МРТ1), на државно ниво, за периодот опфатен со надзорот – 2025 година, при што констатираше прекршување на член 26 став 3 од ЗАВМУ.

Имено, со надзорот е констатирано дека Јавното радиодифузно претпријатие (ЈРП) МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска телевизија – Прв програмски сервис (МРТ1), во законски утврдениот рок до 31 март 2026 година, не достави до Агенцијата годишен извештај за спроведување на годишниот акциски план за пристапност за 2025 година.

Повредата од точка 1 од ова Решение, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-2776/1 од 14.7.2026 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

Согласно член 23 став 3 од ЗАВМУ, Советот на Агенцијата до Јавното радиодифузно претпријатие (ЈРП) МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска телевизија – Прв програмски сервис (МРТ1), на 16.7.2026 година, испрати Допис наш арх.бр.10-2776/2 од 16.7.2026 година, со кој му го достави Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-2776/1 од 14.7.2026 година, со цел во рок од 7 (седум) работни дена од денот на приемот на дописот, до Советот на Агенцијата да достави изјаснување во писмена форма за стореното прекршување на одредбите од ЗАВМУ. Дописот беше уредно примен од страна на радиодифузерот на 16.7.2026 година. Во предвидениот рок, Јавното радиодифузно претпријатие (ЈРП) МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска телевизија – Прв програмски сервис (МРТ1), не се изјасни за стореното прекршување на Законот. Советот на Агенцијата на седницата одржана на 18.8.2026 г., го разгледа предметниот Писмен извештај и заклучи на Јавното радиодифузно претпријатие (ЈРП) МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска телевизија – Прв програмски сервис (МРТ1) да му се изрече мерка – јавна опомена.

Следствено на напред наведеното, врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од ЗАВМУ, а во врска со член 26 став 3 од цитираниот Закон, точка 4 и точка 14 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка и Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-2776/1 од 14.7.2026 г., поради констатирано непочитување на одредбите од ЗАВМУ, утврдено во точка 1 на ова Решение, Советот на Агенцијата на 28 седница одржана на 18.8.2026 г., согласно Заклучокот арх.бр.02-3075/2 од 18.8.2026 г., донесе Решение со кое јавно се опоменува Јавното радиодифузно претпријатие (ЈРП) МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска телевизија – Прв програмски сервис (МРТ1) и му се наложува веднаш по приемот на Решението да го усогласи своето работење со одредбите од ЗАВМУ и Правилникот за пристапност до медиумските услуги. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 од ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 од ЗАВМУ, ова Решение е конечно и против него издавачот на медиум (радиодифузерот) може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Совет,**

**м-р Сашо Стефановски**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Прилог (1):**

1) Писмен извештај за извршен програмски надзор, арх.бр.10-2776/1 од 14.7.2026 г.

**Доставено до:**

- Јавното радиодифузно претпријатие (ЈРП) МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска телевизија – Прв програмски сервис (МРТ1);
- Директорот на Јавното радиодифузно претпријатие (ЈРП) МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска телевизија – Прв програмски сервис (МРТ1);
- Одговорно лице на програмата во Јавното радиодифузно претпријатие (ЈРП) МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска телевизија – Прв програмски сервис (МРТ1);
- Сектор за правни работи и јавни набавки;
- Сектор за програмски работи и
- Назначените лица во Агенцијата за водење на уписникот Уп1.

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | | 14.07.2026 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj.org. | Број: / Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредност: Vlera: |
| 10 | 2776/1 | | |

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20, 77/21, 154/23, 55/24, 193/24 и 247/25), се доставува:

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** редовен

2. **Субјект на надзорот:** ЈРП МРТ, Македонска телевизија - Прв програмски сервис (МРТ1)

3. **Период опфатен со надзорот:** 2025 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 14 јули 2026 година

5. **Предмет на надзорот:**

- **Член 26 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

  *(За спроведување на мерките нивните услуги да бидат попристапни за лицата со попреченост, односно за исполнување на годишниот акциски план за пристапност, давателите на медиумски услуги поднесуваат годишен извештај до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги најдоцна до 31 март во тековната година, за претходната календарска година)*

- **Член 10 од Правилникот за пристапност до медиумските услуги** Бр.01-2750/1 од 13.06.2024 година

  (*Обврска за доставување годишен извештај имаат телевизиите на национално ниво и давателите на медиумски услуги видео по барање, другите даватели на медиумски услуги доставуваат информација дали претходната година емитувале пристапни програми*)

6. **Претходно изречена мерка:** /

7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот програмски надзор реализиран врз програмскиот сервис ЈРП МРТ, Македонска телевизија - Прв програмски сервис (МРТ1), **констатирано е прекршување на член 26 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** *(Давателите на медиумски услуги поднесуваат годишен извештај до Агенцијата за*

*аудио и аудиовизуелни медиумски услуги најдоцна до 31 март во тековната година, за претходната календарска година).*

Во законски утврдениот рок, до 31 март 2026 година, ЈРП МРТ, Македонска телевизија - Прв програмски сервис (МРТ1) не достави годишен извештај за спроведување на годишниот акциски план за пристапност за 2025 година.

**8. Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на член 26 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** ЈРП МРТ, Македонска телевизија - Прв програмски сервис (МРТ1) не достави годишен извештај за спроведување на годишниот акциски план за пристапност за 2025 година, во законски утврдениот рок, до 31 март 2026 година.

**9. Предлог-мерка:**

Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка јавна опомена на ЈРП МРТ, Македонска телевизија - Прв програмски сервис (МРТ1), и согласно со точката 4 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр. 01-4241/1 од 01.10.2025 година, да му наложи веднаш по приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за пристапност до медиумските услуги; и

Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***